**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 18 септември 2015 година**

**Скопје, септември 2015 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции,**
**одржана на 18 септември 2015 година**

Седницата се одржа во салата на Борис Трајковски, во Собранието на Република Македонија, со почетокот 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Лидија Димова, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Лидија Димова:**

Добро утро на сите.

Почитуван господине комесар Јоханес Хан, Ваши екселенции, почитувани амбасадори, почитувани граѓани, новинари, почитувани колеги, претставници на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани членови на Комисијата за европски прашања, на Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет меѓу Република Македонија и Европската унија, дами и господа.

Ја отворам Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Дозволете ми на почетокот на денешната седница на Националниот совет за евроинтеграции да го поздравам присуството на Неговата екселенција господинот Јоханес Хан, комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија кој е во посета на Република Македонија.

Би сакала да го поздравам присуството и на Неговата екселенција господинот Аиво Орав, шеф на делегацијата на Европската унија во Република Македонија, на госпоѓата Кристине Грау, член на Кабинетот на комесарот Хан, како и сите останати присутни од делегацијата на Комесарот.

За денешната седница поканети се и амбасадорите на државите членки на Европската унија во Република Македонија, кои ни ја укажуваат честа со тоа што доаѓаат и нивното присуство е тука секогаш забележано.

Овде е и заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Националниот совет за европски интеграции, господинот Фатмир Бесими. Го поздравувам неговото присуство.

На оваа седница на Националниот совет за евроинтеграции поканети се и претседателите и членовите на Комисијата за надворешна политика, Комисијата за европски прашања и на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија.

Почитуван господине комесар, би сакала во името на овде присутните да ви посакам добредојде во Република Македонија и да ја изразам нашата благодарност за Вашата силна посветеност и сериозен и пресуден ангажман во надминувањето на политичката криза. Повторното вклучување на Националниот совет за евроинтеграции во агендата на Петтиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво претставува потврда и признание на досегашната и додадена вредност на Советот чиј состав ја рефлектира инклузивноста на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Имајќи предвид дека на 4 септември годинава, составот на Националниот совет за евроинтеграции е комплетиран со пратениците од опозицијата, очекувам и во иднина Советот да продолжи да ги промовира веќе прифатените и клучни европски постулати, како што се: обединети во разликите, отвореноста, инклузивноста.

А сега би сакала да му дадам збор на комесарот Хан за неговото воведно излагање.

Повелете почитуван комесар.

**Јоханес Хан:**

Ви благодарам госпоѓо претседавач.

Дами и господа, заменик премиере, членови на Националниот совет и претставници на парламентарните комисии и другите членови на Парламентот, претставници на медиумите и другите гости и амбасадори.

Јас бев во постојан контакт со вашите лидери во минатите месеци, но секогаш се радувам кога имам прилика да разговарам со политички и општествени заедници и други засегнати страни.

Исто така, задоволен сум да се сретнам со претставниците на оваа комисија за прв пат и вие сте клучни играчи во процесот за европска интеграција.

Денеска тука е тешко време за европскиот континент и исто така и за вашата држава, како што се соочуваме со масивно надоаѓање на бегалци и мигранти за државите во криза, вашата земја која што е патоказ за патот кон север. Ова е предизвик не само за вашата држава, туку и за целата Европската унија, криза која што бара европско решение за кое Комисијата продолжува да работи. Веќе имаме обезбедено хуманитарна поддршка и дискутираме со вашите власти за која било друга помош која би можеле да ви ја дадеме во однос на потребите кои што се идентифкувани и оние на бегалците и мигрантите. Исто така, ќе ја посетам Гевгелија утре за самиот да ја видам ситуацијата во државата.

Главната цел на мојата посета и денешниот состанок е за вашето преминување во Европската унија и европската интеграција на Македонија. Посакувам ова секогаш да беше лесна приказна, но во моментот е отсуството на конструктивен политички дијалог во државата, политичката дебата во оваа држава. Политичката спогодба која што вашите политички лидери ја достигнаа конечно во јули со наше потпомагање е важен чекор во таа насока. Таа ја потенцира важноста на поддршка од сите партии за стратешки интеграции во Европската унија и НАТО и ги става интересите на државата и нејзините граѓани на прво место пред интересите на партиите. Ова е важна спогодба, важен договор за сите водачи на партиите. Што се однесува на имплементацијата на оваа политичка спогодба јас ги следев активностите на работната група. Се радувам на враќањето на опозицијата во Парламентот на први септември и присуството на сите партии во сите парламентарни комисии и сите други тела во Парламентот. Исто така, можам да покажам, да го поддржам Законот за новиот специјален обвинител и тој ќе ја добие т.е. таа ќе ја добие целата потребна поддршка во идниот процес. За жал, политичката криза значеше дека високиот дијалог е малку затворен и сега ќе продолжи. Затоа сум задоволен дека за пленарната седница на Пристапниот дијалог на високо ниво ова попладне и ќе биде вклучен, заменикот премиер и Секретаријатот за Европската унија и нивната подготовка на оваа дискусија. Овој дијалог се покажа како важен каталист за реформите фокусирајќи се на специфичните реформи во вашите пет области на политики преку процес на дијалог и обработка.

Преминувањето во Европската унија не е прашање само за Владата, јас верувам дека политичката спогодба велеше дека дијалогот на високо ниво ќе ги вклучи сите претставници од четирите политички партии кои го потпишаа овој договор и дека тие се заедно посветени и заедно одговорни за

имплементацијата на идните реформи и приоритети. Исто така, го вклучува граѓанското општеството со кое се сретнавме утрово, во однос на кое ќе ја потенцирам потребата за добра демократија и за можноста општеството да работи без никаков притисок кога ќе се сретне со претставниците како мене. Признавам дека вашата земја веќе имплементираше голем број реформи и оние кои останувaат се амбициозни и политички тешки, но тие ќе донесат вистински промени во државата и поради тоа би сакале да го слушнеме вашиот поглед во однос на нив денеска. Во минатите години, месеци, вашата држава работеше на итните реформски приоритети кои беа претставени во јуни за да ги реши прашањата во однос на работите за кои веќе имавме грижи.

Едно од работите кои ќе бидат претставени од Владата и другите политички партии на денешниот состанок, само би посочил на неколку точки кои би го инспирирале нашиот разговор тука денеска. Во однос на владеењето на првото и добро управување ги видовме нашите претходни изјави со кои што изразуваме грижа за политичко вмешување во независноста на судството. Вашите судии се добро обучени и знаат како да ја работат нивната работа. Тие треба да бидат оставени да го сторат тоа. Во овој аспект очекуваме дека новиот посебен обвинител ќе ги има ресурсите и поддршката кои ќе и бидат потребни за да ја исполни тешката, но навистина важна задача за вашата држава. Ние и други, исто така, изразивме грижи за државните партии кои што ќе има потреба да се одделат од државата и потребата да се воспостават надзорни тела кои што би можеле да ја извршат својата работа.

На пример, канцеларијата на Народниот правобранител треба да се има на ум дека вашата канцеларија е најстарата во регионот. Парламентарните права исто така ќе споменам, пример за слобода на медиумите каде што климата во оваа држава треба да се поддржи. Новинарите треба да се слободни да ја работат својата работа што е клучен елемент од демократијата и секој притисок на новинарите не е прифатлив. Што се однесува до реформите на јавната администрација каде што вашата држава имаше добар напредок во однос на законодавството се до оваа година е во суштинско значење јавната служба да не биде политизирана  и да не биде предмет на политички притисоци. Исто така од голема важност го сметаме подобрувањето на управувањето со јавните финансии што се однесува на Буџетот и исправните јавни набавки и морам да кажам дека денеска е поминат голем дел од дискусијата за владеењето на правото и сите основни прашања, но исто така треба да се фокусираме и на економската ситуација во државата. Имајќи го на ум развојот во минатите неколку години и сеуште зголемениот буџетски дефицит во државата и големата невработеност. Овие прашања треба да бидат покриени и ова може да се стори само со заеднички напор и со сите политички партии и другите засегнати страни во општеството и тие да ја земат својата одговорност и да ги исполнат своите задачи. Исто така на крајот би сакал да споменам две важни теми. Останатите изборни реформи треба да бидат имплементирани пред следните избори, меѓународната заедница ќе набљудуваат подетално од вообичаено во однос на подготовките за спроведување на овие избори. Исто така ги поздравувам консултациите во однос на Охридскиот рамковен договор кои ги очекувавме веќе некое време. Ова треба да ги исполни очекувањата на граѓаните на вашата мултиетничка држава. Ова е време од суштинско значење за вашата држава и сите очи се свртени кон вас и во однос на сите реформи кои треба да ги исполните до наредниот месец. Комисијата ќе го претстави својот годишен извештај и се надевам дека ќе можеме да известиме за голем број позитивни вести и нешта.

Ви благодарам за вашето внимание, за вашата посветеност, одлучност и се надевам дека ќе имаме добра дебата. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам господине комесар.

Дозволете ми од мене во својство на претседател на Националниот совет за евроинтеграции да го искористам присуството на комесарот Хан и да се обратам и да го презентирам моето мислење во врска со овие актуелни теми што ги отворивте.

Ние во овие краеви во светот имаме една народна поговорка и викаме на маката се познаваат јунаците. Навистина бевме изложени на исклучителни маки, пред нас не очекува исто така период кој е полн со предизвици, треба да направиме анкетната комисија, значи треба да избереме изборен законик, треба да го прочешламе избирачкиот список, на крајот треба проблемот со медиумите што вие го споменавте, со други зборови треба да ја одделиме државата од партијата. И тоа ќе биде тешко и ќе има многу мака. Имавме маки до сега, работевме, преговаравме, доаѓавме до исцрпувачки преговори меѓутоа конечниот резултат мислам дека се гледа, очигледен е. Сега имаме Национален совет за европски интеграции во рамките на Собранието на Република Македонија во негов полн состав, сега имаме Закон за специјален јавен обвинител и имаме именуван специјален обвинител. Со други зборови повторно ќе се повикам на народната мудрост, го изедовме стапот време е за морковот.

Почитуван комесару, слушнавме дека носите секогаш добри вести кога доаѓаат од Европска унија, меѓутоа ги споменавме бегалците како дел од проблем. Чисто подготвувајќи се за оваа седница сакам да видам што викаат бројките. За 2014 година овие се бројките на кои што наидов, над 283 илјади лица незаконски ја преминале границата на државите со Европската унија. 79 илјади се Сирийци. Околу 170 илјади доаѓаат од Средоземното море, над 441 илјади се со незаконски престој во рамките на Европската унија. Над 252 илјади граѓани се вратени назад во третите држави односно оттаму од каде што дошле. Мора да признаете ова е страшно непријатна слика. Сигурна сум дека сте свесни дека во 2015 година бројката драматично ќе се влоши. Пред неколку дена бев на една дебата која што ја организираше граѓанското општество и тука имаше невладини организации кои се занимаваат со прашањето на бегалците и тоа од Македонија, Србија, Унгарија и Грција. За време на таа дебата се обрати еден господин од Грција и морам да го споменам по име затоа што ми остави навистина длабок впечаток. Значи господинот се вика Василис Цавцанис. Во еден момент тој зборува, знаете што најголемата, најлошата криза секогаш има нешто добро што се случува. Тој вели: Знаете што е ново во Грција. Порано беше несфатливо да одиме и да се поздравиме се македонската пограничната полиција. Сега, вели, мојот ден почнува со тоа што јас одам кај македонскиот пограничен полицаец и му велам добро утро, како си брат. На совршен македонски јазик ова го изговори. Сакам да кажам дека можеби во кризата има и светли моменти. Можеби сега е времето кога практично сега, како што ние тука во Националниот совет за евроинтеграција седиме со позицијата, со власта и дискутираме за актуелните случувања во државата, можеби сега е време исто така Македонија и Грција да се заедно и да ја погледнат вистината во очи и да сфатиме дека решението ќе го најдеме заеднички, не одвоено. Тоа ме доведува до она што практично е дел од работата на Европската комисија. Стратегијата за проширување предвидува

почеток на преговорите на државите да започнат со поглавјата 23 и 24. 23 е судство и човекови права и 24 е безбедност, правда и слобода. Ако добро ги видиме работите, тогаш ќе видите дека сето ова што е производ на бегалската криза, сето може да се смести во поглавјето 24. Од тука мислам дека заклучоците на Советот за правда и внатрешни работи од 25-ти и 26-ти јуни, многу полесно ќе ги спроведе Европската унија ако при тоа отвори преговори во поглавјето 24 веднаш без одлагање, односно во декември. Од тука произлегуваат и моите последни зборови и всушност мојот повик до вас.

Прво и основно мора да добиеме препорака со Извештајот. Очекуваме дека ќе ја добиеме пораката.

Второ, Европската комисија очекувам да констатира дека новата стратегија за проширување 2015-2016 година ќе констатира дека Западен Балкан не е проблемот туку е решението на бегалската криза и оттука ќе предвиди активности во рамките на Берлинскиот процес со кој што ќе почне и реално и активно да ја вклучува и Македонија и другите држави од Западен Балкан.

И последна препорака, се надевам дека Грција ќе сфати и ќе дозволи дека сега е време пристапните преговори да почнат и бегалската криза ќе ја искористи како што Василис сфати дека сега е моментот за заедничка акција. Македонија предолго чека. Време е за решителна акција. Време е за морковот.

Ви благодарам.

**Лидија Димова:**

Сега го поканувам потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции, господинот Илија Димовски да ни се обрати, повелете и вие.

**Илија Димовски:**

Благодарам госпоѓа претседател на Националниот совет.

Почитуван комесар на Европската унија, почитувани амбасадори, почитуван господин Орав и присутните амбасадори на другите земји во Република Македонија, почитувани потпретседатели на Собранието, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, претставници на медиумите.

Република Македонија се наоѓа во еден долг период на исчекување за својот следен чекор кон Европската унија. Јас често правам аналогија и овој пат да ја искористам приликата што со нас е присутен еврокомесарот и да укажам на еден факт кој што веројатно ќе е интересен да го знае, а тоа е дека Република Македонија веројатно е нај препорачуваната земја за членство во Европската унија по бројот на препораки кој што ги има добиено. Тоа е еден рекорд кој што веројатно ќе биде дел од статистика и извештаи после 10, 20, 30, 40 години, но тоа е факт кој што многу значи во развојот или забавувањето на развојот на политичките, општествените, економските и социјалните состојби во Република Македонија. Република Македонија доби многу препораки и овој пат дозволете ми во името на пратениците во Собранието на Република Македонија, во името на граѓаните кои што ги претставуваме да кажеме дека не очекуваме само препорака, очекуваме датум за преговорите со Европската унија. После сите активности и сите напори кои што ги направивме и во последната година и во минатите години, факт е дека не постапувањето и не влегувањето во следниот чекор на Република Македонија ќе и значи само дополнително влошување и дополнителен раст на нервозата која што и онака постои во нашето општество, помеѓу нашите политички партии и помеѓу граѓаните на Република Македонија. Таквата нервоза со тек на време станува фрустрација, а таквите фрустрации со тек на време ни создадоа огромни

политички и општествени проблеми. Без да навлегувам во причините и оправданоста за проблемите кои што ни се случија, причината за тие проблеми длабоко во себе е токму застојот во следните чекори кој што Република Македонија треба да ги направи кон Европската унија.

Тука никако не сакам да го намалам значењето на чекорите кој што Парламентот, Владата и сите институции треба да ги направат. Сакам да ги негирам критиките кој што Европската унија ги има за одредени наши постапки, но сакам да замолам и да посочам: секогаш кога Република Македонија била поставена како партнер, секогаш ги исполнувала своите обврски. Секогаш кога била заборавена може да завлезе во проблеми од кој што потоа дупло повеќе енергија користиме за да ги поправиме работите. Би сакал да укажам дека за жал политиката во последната година ни направи многу проблеми и врз економскиот развој, а политиката не смее да прави проблеми на економијата. Политиката треба да ја олеснува економијата и не треба да смета. Иако постигнуваме задоволителни резултати ние сме една од петте најмалку задолжени држави, континуирано се намалува бројот на невработеност, наследството кое што го имаме од транзицијата и невозможноста со нашето нечленување во Европската унија и нечленување во НАТО Алијансата не ни овозможува зголемен обем на странски инвестиции, уште поголем економски раст. Како Собрание на Република Македонија пред нас во следниот период веројатно стои и најодговорниот, но и најинтересниот период. Првично со задоволство во мое име и на претседателката на Националниот совет можам да споделам дека иако Парламентот во овој месец е многу поенергичен, има многу повеќе препирки, има многу повеќе закачки, е подобар во својата работа затоа што сега е комплетен, има многу повеќе дебата, има многу повеќе анализа, има многу повеќе амандмани, има многу повеќе прифатени амандмани од страна на сите пратенички групи. Се надевам дека енергијата која што ќе ја вложуваме во следниот период ќе ни овозможи да ги исполниме сите препораки кои што се дел од препораките на Европската унија во насока на подобрување на буџетските процедури за кои што и вие споменавте, усогласување на Деловникот и Законот за Собрание, јакнење на процедурите во Собранието, јакнење на улогата на комисиите за контрола на безбедносните служби виза ви настаните кои што ги имавме во претходната година и сите останати обврски кои што ги имаме преземено како Собрание на Република Македонија. Парламентот ќе е орган каде што ќе се спроведуваат сите политички договори, Парламентот ќе е орган каде што ќе се спроведуваат сите препораки од Европската унија. Затоа би сакал да потенцирам дека е значајно да се почитуваат договорите онака како што се потпишани и посебно е значајно да се запазуваат сите рокови кои што се преземени во договорите. На крај дозволете ми да ви укажам на огромната грижа која што ја имаат граѓаните на Република Македонија во врска со мигрантската криза. Во исто време да ве информирам дека огромен број на доктори, огромен број на невладини организации, нашата полиција, нашата армија, луѓе лично заангажирани помагаат секојдневно и на своја иницијатива на сите мигранти што поминуваат преку Република Македонија. Но, она што во последните десетина дена се случува на нашите граници почнува да зазема размери за кои што нашите бирачи имаат право да се чувствуваат загрижено.

Дозволете ми да ви кажам податок дека само во петокот во Република Македонија имаат влезено 11.439 мигранти. Се додека транзитот на тие мигранти функционира, Република Македонија ќе вложува многу средства и многу енергија сето тоа да изгледа хумано и да е во согласност со сите меѓународни процедури. Она што ги плаши граѓаните на Република Македонија

е затворањето на границите кои што се наоѓаат северно од нас. Се надеваме дека Европската унија ќе најде капацитет на глобален начин да го решава овој проблем за да не стане овој проблем локален проблем на неколку најслаби држави на европскиот континент. Ви благодарам за интересот кој што го имате кон Република Македонија, ви благодарам за енергијата и времето која што ја вложувате за да помогнете во изнаоѓање на решенија. Се надевам дека во следниот период се почесто ќе бидете гостин на македонскиот дом на демократијата. Благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам господине Илија.

Сега го поканувам заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и член на Националниот совет за евроинтеграции, господинот Фатмир Бесими да се обрати пред Советот, повелете.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам претседателе на Национален совет за евроинтеграции во Собранието на Република Македонија, почесен комесар Хан, Ваши екселенции и амбасадори од членките на Европската унија и драги гости, преставници на медиумите, на граѓанскиот сектор.

Дозволете ми на почетокот да го поздравам организирањето на оваа дебата во рамките на Националниот совет за евроинтеграции во рамките на Собранието на Република Македонија и да му посакам успешен ден на комесарот Хан и на делегацијата од Комисијата на Европската унија која што денеска престојува во Република Македонија.

Како прво изразувам задоволство што Националниот совет за евроинтеграции, сега во полн состав ја продолжува својата исклучително важна улога, како точка на пресврт помеѓу Собранието, општеството и Владата. Имаме уште многу работа пред нас, работа што треба да ја направиме заедно со тоа што ќе се афирмираат демократските вредности во нашата земја. Исто така ја користам оваа прилика да нагласам дека посетата на комесарот Хан и одржувањето на петтата редовна средба на Пристапниот дијалог на високо ниво по две и пол години пауза само дава надеж и отвара нови можности за интензивирање на реформите и за нивно продлабочување согласно препораката на Европската комисија и соработката со Европската комисија. Како заменик претседател задолжен за европските прашања во рамките на реформите кои се толку очекувани во рамките на инсталирање на демократските вредности на Европската унија, со целосно функционирање на институциите во нашата земја, подразбирајќи го тука и имплементирањето на Копенхашките критериуми и на тие од Мадрид кои се неизбежни, мислам дека форматот на дијалогот на високо ниво може да се искористи за да ја води земјата напред во две линии, откако прво е издигнување на демократското ниво и животниот стандард на граѓаните. Како второ за продолжување на процесите за спроведување на стратешката цел на земјата, тоа е полноправно интегрирање во Европската унија односно во Евроатланската заедница. реформите воглавно треба да се спроведуваат за нас самите и треба да се врати довербата во нашите институции. Препораките се веќе познати и приоритетите се утврдени. Јас сум длабоко убеден дека капацитетите се

спроведување на истите нема да отсуствуваат до колку се промовира демократскиот дијалог и консензусот во нашето општество.

Поминавме многу сериозен и предизвикувачки период од неколку месеци кои што беа преплетени со многу предизвици. Меѓутоа, исто така покажавме дека имаме капацитет да нудиме можности во вакви сложени ситуации. Навистина со помош од нашите меѓународни пријатели, како прво Европската унија, лично му благодарам на комесарот Хан, на високиот комесар Орав, на амбасадорот на САД и сите други претставници на земјите на Европската унија кои што помогнаа овој политички дијалог да даде резултати во нашата земја.

Тоа што исто така сакам да го подвлечам со задоволство е дека над се надвладеа здравиот политички разум и интересот на граѓаните, и земјата се постави над партискиот што обезбеди подобра основа за продолжување и интензивирање на внатрешните реформи во следните недели и месеци. Во оваа насока Владата исто така во текот на месец јуни и почетокот на јули изготви Акциски план според препораките, упатствата за итните приоритети од Европската комисија, преку еден сеопфатен процес од домашните институции изготвувајќи еден Акциски план. Истиот беше споделен и со Европската комисија, со партиите потписници на договорот од јуни, опфаќајќи ги тука и дискусиите и дебатите со граѓанскиот сектори со медиумите.

Почитувани, секоја криза има и можност и шанса, а нашата политичка криза последните месеци отвори простор за еден поинтензивен политички дијалог меѓу домашните политички партии и тоа на повеќе нивоа. Делот со нашите стратешки партнери и како резултат на тој интензивен дијалог постигнавме политички договор и се започна со спроведување на истиот договор. Освен заживување на самиот дијалог како позитивен резултат е и враќањето на опозицијата во Собранието, кои што се опфатени во сите активности во органите на Собранието и во надзорните органи во Собранието, потоа донесувањето на новиот Закон за специјалниот јавен обвинител, исто така и тоа што Законот за лустрација е важен. Потоа се преземени некои други активности, се очекува да се постигне договор по прашањата по однос на изборните реформи, а во меѓувреме следи и сеопфатниот процес за изготвување на квалитетна анализа за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Сите сме свесни дека не чека уште многу работа, ќе има и многу стресни разговори, меѓутоа никогаш не треба да ја избегнеме нашата заедничка цел, а тоа е демократска Македонија, безбедна и напредна европска Македонија.

На крајот тоа што сакам да го истакнам во оваа прилика е дека комесарот Хан и Европската комисија во следниот извештај да рефлектираат напредок и годинешниот извештај заедно со нашиот напредок, покрај објективните сугестии кои што ќе бидат во овој документ на има и сигнали во однос на препорака за почеток за преговори за полноправно членство во Европската унија. Ние сме свесни дека Европската унија и Европската комисија се соочуваат со сложени глобални проблеми како никогаш до сега, од економски, безбедносен аспект, меѓутоа тука би ги нагласил и последните предизвици со мигрантите што ја опфаќаат цела Европа. Македонија исто така не е надвор од овие предизвици и неизбежно сме дел од овој проблем кој што е глобален проблем и на Европската унија, меѓутоа исто така сакаме да бидеме дел од решението на овој проблем и најдобриот начин да бидеме дел од решението со тоа што би биле дел на Европската унија и колку сме подлабоко интегрирани и поблиску со членството, толку повеќе ќе можеме да допринесеме кон надминување на овие предизвици. Едно од решенијата во кои што јас длабоко верувам, е дека

Македонија треба да ги почне колку што е можно побрзо пристапните преговори, да влезе во нормалната траекторија кон предвидување на процесот на евроинтеграции. Тоа токму почнувајќи со Поглавјето 23 и 24 судството и основните права за безбедност и слобода. Ви благодарам за вашето внимание.

**Лидија Димова:**

Благодарам господине Бесими,

Ја отворам расправата на седницата на Националниот совет за евроинтеграции. Напоменувам дека комесарот има ограничено време и затоа да водите сметка за времето, што значи дискусиите да не бидат повеќе од три минути.

Сега ја повикувам госпоѓата Ермира Мехмети, претседател на Комисија за европски прашања да земе збор.

**Ермира Мехмети:**

Благодарам. Драг комесару, членови на амбасадите, почитуван потпретседател на Владата, почитувани колеги пратеници, преставници на медиумите, поканети гости, членови на Националниот совет за евроинтеграции.

Ќе започнам заблагодарувајќи се на комсарот Хан на англиски јазик бидејќи тој беше вклучен не само институционално, туку и лично за да ја поврати надежта на македонските граѓани во процесот на европска интеграција. Ова е навистина важно дејство, активност која што верувам дека ќе ни помогне на сите како политичари, но не само како политичари да го потпомогнеме процесот на имплементација на потребните реформи.

Првично сакам да изразам благодараност и за европскиот ангажман во таканаречениот интегративен процес, Берлински процес кој што актуелно е претседаван во Австрија, родната земја на комесарот Хан, кој процес секако ја има заживеано и се надеваме дека и понатаму ќе придонесе овој дел на Европа, значи Западен Балкан со една поголема брзина и динамика и нова енергија да ги исполни критериумите, реформите и потребните предуслови да стане што е можно побрзо дел од големото европско семејство.

Берлинскиот процес кој што актуелно е претседаван од Австрија, од народната земја на господинот Хан, кој што процес секако ја има заживеено и се надеваме дека и понатака ќе придонесе овој дел на Европа, значи Западен Балкан, со една поголема брзина и динамика и нова енергија да ги исполнува критериумите, реформите и потребните предуслови да стане што е можно побрзо дел од големото европско семејство.

Почитуван комесар, почитувани присутни, јас сум многу убедена дека со постигнувањето договорот од Пржино, всушност Република Македонија отвора едно ново поглавје. Поглавје кое што подразбира враќање на земјата по еден долг период за враќање на машини, апарати за одржување во живот, повторно да се вратиме во имплементирање или исполнување на нашите задачи и се разбира сега е моментот да се повтори пат, дека овој процес не може да се реализира без постојана поддршка, интензивна и многу одлучна поддршка на нашите европски партнери.

Сакам да нагласам почитувани присутни дека дијалогот и политичката поларизација во Македонија немаат само еден слој или само една димензија. Колку што е политичка тоа е и меѓуетничка и ако ние го воспоставивме политичкиот дијалог со враќањето на опозицијата во Парламентот, јас верувам

и верувам дека и мнозина тука ќе го споделат истиот впечаток. Дека тоа што не очекува во следниот период е во однос на повторно воспоставување, заживување и зајакнување на меѓуетничкиот дијалог. Знаете, верувам, говорам за потребата од еден импут во целосна имплементација, комплетна, искрена и посветена имплементација на Охридски рамковен договор. Говорам за потребата од повторно враќање на  довербата на граѓаните во судството како орган кој што е арбитар, орган кој што гарантира дека граѓаните имаат причина да веруваат во домашните институции. И тука, морам да нагласам дека Албанците од процесот во Пржино очекуваат одговор за барем најмалку две дилеми, или многу сензитивни проблеми. Тоа е Сопотскиот случај и случајот Монструм. Очекуваме и бараме европска поддршка за да гарантираме дека институциите, специјалниот обвинител ќе овозможат овие два случаи всушност да го добијат заслужениот одговор во еден транспарентен, професионален, непристрасен процес, процес на политиката.

Ќе завршам со тоа што ќе кажам, почитуван комесар, почитувани присутни во десетгодишнината, значи и малиот јубилеј на добивање на статус земја кандидат, значи 10 години Република Македонија, во 2015 година заслужува да ги почне преговорите за членство во Европската унија. Ние сме мала земја која што се соочила со многу предизвици, мала земја која што покажала дека не може да се надминат тешкотиите, поларизациите, без поддршка на третата страна која што ќе го води процесот напред. Сепак, ние заедно со другите земји на западен Балкан сме успеале за еден 15 годишен период, без малку да се вброиме во земјите членки на Европската унија кои даваат поддршка на мигрантите. Пред 15 години ние бевме такви, Европа бараше одговор за нас, денес ние посакуваме и сме среќни со тие можности што ги имаме да се вброиме во страната на земјите кои што имаат капацитет, имаат можност, имаат познавање, се разбира мора уште повеќе да се зајакнат, уште повеќе да ги усогласат заедничките стратегии за да се соочат со една реален предизвик и една криза со која што се соочивме, а тоа е актуелната криза со мигрантите. Ви благодарам многу, за вашето доаѓање тука, ви благодарам за поддршката што сте ја дале. Ќе завршам со тоа што ќе кажам дека младината во Македонија, новите генерации очекуваат многу од политичката класа. Моментално поради многу причини се чувствуваат измамени, меѓутоа, комесаре Хан, ви благодарам и благодарам и на Европската комисија која што ни даде уште една шанса да се надеваме дека ние можеме и знаеме да се корегираме. Ви благодарам.

**Лидија Димова:**

Благодарам госпоѓа Мехмети.

А сега збор има господинот Ќенан Хасипи, копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и член на Националниот совет за евроинтеграции, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Почитувана госпоѓа Димова, почитуван господин Хан, почитуван амбасадор Орав, почитуван, министер, ваши екселенции, почитувани присутни,

Дозволете ми да се обратам во името на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија и како негов копретседавач да му посакам топло добродојде на почитуваниот господин Хан, чија посета на нашата земја се совпадна со позитивните сигнали за целосно спроведување на политичкиот договор од Пржино.

Во развојот на настаните во изминатиот период, вие господине Хан, бевте активен чинител заедно со релевантните политички субјекти и на некој начин сте и сведок на сите настани како и на позитивната разврска. Убеден сум дека политичките субјекти во целост ќе ги почитуваат одредбите и роковите предвидени со договорот од јули оваа година.

Вашето присуство денес тука е уште една потврда дека треба да продолжиме со зацртаните реформи за полноправно членство во Европската унија. Во таа насока, очекуваме Извештајот за напредокот за 2015 година, кој како и секогаш балансирано ја отсликува состојбата во Република Македонија и овој пат да ја содржи препораката за отпочнување преговори за полноправно членство во Европската унија и се надевам дека истото ќе биде прифатено од страна на Европскиот совет имајќи го во предвид не само разврската на политичката криза во земјата туку и сериозните безбедносни закани кои што произлегуваат од бегалската криза. Што се однесува до бегалската криза очекуваме брза и енергична акција на Европската унија на претстојниот самит на бегалската криза кој ако не се лажам ќе се одржи следната недела, кој длабоко сум убеден ќе даде конкретни резултати за посегнатите држави од Западен Балкан, меѓу нив и за Република Македонија. Подолгорочно гледано на тој начин ќе се стимулира и целиот регион да продолжи активно да делува во евроинтегративните процеси, истовремено да се компензира застојот во проширувањето. Евро интеграциите остануваат да бидат стратешки приоритет на Република Македонија, која останува посветена на исполнувањето на сите реформски чекори во приоритетните области, како и во однос на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Политичката криза во земјата несомнено имаше негативен ефект во однос на имплементацијата на ЕУ реформите, но со доследна реализација на задачите по договорот од Пржино сметам дека во наредниот период ќе работиме напорно и посветено на наднационаниот и надпартискиот стратешки приоритет членство во Европската унија. Во однос на следните активности на МПК би сакал да го споделам со задоволство од неговото комплетирање со пратениците од најголемата опозициона политичка партија, со што ова меѓупарламентарно тело во полн капацитет ќе го одржи 13 состанок набрзо по објавувањето на извештајот за напредокот на Република Македонија за 2015 година, со што ќе се имплементира редовната годишна обврска согласно со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Осврнувајќи се на посетата на Република Македонија на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет од европска страна на 21 јули 2015 година во состав Алојс Петерле копретседавач, Сергеј Станишев и Ангел Џамбаски, заменици копретседавачи би сакал во оваа прилика токму да им се заблагодарам за нивниот континуиран и несебичен ангажман особено на господинот Петерле кој двапати ја посети Република Македонија и даде силна поддршка за надминување на политичката криза со што уште еднаш се потврди дека Европскиот Парламент е наш осведочен пријател и во добробит за нашата европска интеграција.

И сосема на крај сакам да ја споделам со вас заедничката констатација, дека претстојните месеци ни се многу важни, не само за внатрешната консолидација, туку и во односите со Европската унија интеграцијата на земјата во Европската унија и Нато, мора и понатаму да остане приоритет, а спроведувањето на политичкиот договор и реформите ќе го убрзаат тој пат. Во тој конктест Македонија треба да покаже дека умее да го стави на прво место националниот интерес и стабилноста на државата, спроведувањето на реформите согласно европската агенда, развојот на економијата и одржување

на фер и демократски избори во април идната година, чии резултати ќе бидат прифатени од сите политички субјекти. Ви благодарам на вниманието.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам.

Збор има пратеникот Александар Николовски, од Комисијата за надворешна политика и член на НСЕИ, повелете.

**Александар Николовски:**

Благодарам почитувана госпоѓо претседател, почитуван комесар, почитуван амбасадор, почитувани пратеници, претставници на дипломатскиот кор, ваши екселенции,

Би сакал да не се повторувам со колегите и да се осврнам на две работи кои што сметам дека се значајни. Прво, комесарот спомена дека ова е негова прва посета на Собранието на Република Македонија, ние во истата оваа сала слични дебати сме воделе со неговите претходници, со господинот Филе, со господинот Рен итн., и морам да признам со исклучок на овие новини кои што ги имаме во однос на политичкиот договор и политичката криза претходно, комисиите се горе долу исти. Што е и добро и лошо. Добро е за тоа што заложбата е иста и стои, а лоша е за тоа што очигледно во некои сектори нема напредок. Ние многу зборувавме тука за реализација на реформите, јас сум прв кој што вели дека тие треба да се спроведат, не затоа што тоа го бара Европската унија од нас, туку за тоа што тоа го бараат граѓаните од нас, за да имаат еден подобар и попристоен живот во сите сегменти, не само во делот на економијата, туку и во делот на владеењето на правото и во еден нормален граѓански живот. Но во исто време останува едно прашање кое што е неодговорено и на кое што ниту еден од нас не може да даде одговор, а не знам ни комесарот дали може да даде одговор, тоа прашање стои, прашањето е многу едноставно, а тоа е до кога ќе продолжи блокадата на Република Македонија. Ние мора да сме отворени, директни и јасни. Република Македонија не преговара со Европската унија не за тоа што во последните неколку месеци опозицијата на еден недозволен и нелегален презентираше прислушкувани материјали во јавноста, па тоа отиде на политички договор кое што сега треба да се реализира, туку за тоа што имаме континуирана блокада од нашиот јужен сосед. И прашањето е многу едноставно. Теоретски доколку се се реализира, теоретски доколку се се заврши, дали ќе имаме некоја промена следната година. За жал гледајќи ја политичката ситуација, на југ, гледајќи ги случувањата и во остатокот од Европа мислам дека одговорот ќе е негативен. И ќе бидам комесаре тука директен, постојат многу граѓани и во мојата изборна единица и секаде онаму каде што се среќаваме кои што прашуваат дали овој пристап е искрен, односно дали проблемот доаѓа само од едно место, или се работи за проблем за кој што Грција не чувствува притисок од никој друг, дека треба да биде решен. Ние мора ова прашање да го поставиме директно, отворено и јасно тука, за тоа што граѓаните тоа го бараат од нас.

И втората поента, ние направивме политички договор. Политичкиот договор морам да признам како член на владејачката партија со сериозни концесии од наша страна и како пратеници и како владејачка партија. Ние бевме во една непријатна ситуација повеќе од година дена, дел од пратениците да не доаѓаат и да не можеме да имаме суштинска дебата во Собранието на Република Македонија. Но предизвиците се сега пред нас за негова реализација. Моравме да бидеме јасни и искрени, дека Договорот мора да се реализира до крај, дека финале на тој договор мора да бидат предвремените

избори, на кои што меѓу другото и доброволно се согласивме да си го скратиме мандатот како пратеници над ова се со цел да се надмине оваа криза, но во исто време, да сме одговорни пред самите себе и како четири политички партии кои што учествуваа, но и како пратеници тука, дека тоа треба да е крајот на оваа криза. За тоа што, ако заради било која причина ги одлагаме изборите, или заради било која причина, повторно се обидуваме на тој изборен процес да му наметнеме проблеми кои што после тоа ќе ги толкуваме на еден или друг начин, тоа ќе е најголемата катастрофа која што може да и се случи на Република Македонија. 24 април мора да е крај на овој процес, после кој што државата ќе влезе со еден парламент во кој што сите свесно и одговорно ќе работат и во кој што сите ќе го признаваат своето место, без разлика дали е од власта, или во опозицијата.

Ви посакувам убав работен ден, многу успешни резултати, се надевам многу реализирани проекти, и се надевам дека во декември ќе можеме да слушнеме една поубава вест од Европската унија, а тоа дека еве следната година да речеме јуни или јули ќе ги отпочнеме преговорите, еден летен датум за почеток на преговори може да е добра вест. Благодарам.

**Лидија Димова:** Благодарам.

Има збор Мерал Узеири Ферати од ДПА, повелете.

**Мерал Узеири Ферати:** Благодарам госпоѓа претседател.

Почитуван комесар Хан, почитуван амбасадор Орав, почитувани екселенции, почитувани присутни. ДПА во минатата декада го крена гласот и ја изрази загриженоста во континуитет дека во Македонија не функционира правото и дека се газат елементарните права на Албанците, дека има дисбаланс, длабок економски инфраструктурен дисбаланс помеѓу населените места каде што живеат Албанците и тие каде што живеат Македонците. Дека судската власт е политизирана и дека е под притисок на политичките партии. Од тука, произлегуваат многу монтирани политички процеси кои што се на штета на Албанците. И дека Албанците како лојални граѓани го полнат речиси половина државен буџет и таа бројка е над 1 милијарда евра во годината, меѓутоа,на истите тоа не им се враќа во форма на буџетски проекти ниту 20% и дека има медиумски мрак, медиумите на Албанците се под диктат и под длабока контрола на ДУИ.

Во овој Парламент се донесени закони кои што тешко го имаат оштетено Рамковниот договор. Донесени се законски акти, кои што во суштина се антиалбански, и ги прават Албанците да бидат граѓани од втор ред. Пред 20 месеци во овој Парламент беше донесен Изборниот законик кој што беше преговаран помеѓу три политички партии, ДУИ, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, која што ја гледаат земјата на предвремени избори. Трите партии се обидоа да ја пласираат идејата пред внатрешниот и надворешниот меѓународен фактор дека Изборнот законик е донесен со полна консензуалност. ДПА овој настан го демантираше со тоа што не се согласуваше и истакна дека овој Изборен законик ниту одблиску нема да гарантира слободни и фер и демократски избори и тоа и се случи. Беше тешко погоден изборниот процес, имаше масовно крадење на гласовите, уценување и невидени закани, тежок фалсификат се направи на народната волја, се произведоа чудни и страшни резултати. Имаше населени места со резултати 230, наспрема 4 за ДУИ, 420 со нула за ДУИ, 700 и нула за ДУИ и полно такви резултати. И ова несомнено и овој фалсификуван легитимитет и украден легитимитет ќе го продолжи животот на криминализираните антиалбански институции.

ДПА е убедена дека спроведувањето на постигнатиот договор, благодарение на директниот ангажман како на Европската унија така и на САД, ќе овозможи почеток на решавање на политичката криза со посебен нагласок, изнаоѓање на законски механизми за спречување на манипулација и фалсификување на изборите. Посебен нагласок сум ставила на Изборниот законик, за тоа што ние цениме дека тоа е камен темелникот на демократијата, основата која што ќе гарантира и ќе произведува институции, демократска држава. Ви благодарам.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам.

Има збор господинот Насер Селмани, член на Националниот совет за евроинтеграции, а доаѓа од Здружението на новинари на Македонија, повелете.

**Насер Селмани:** Ви Благодарам госпоѓа Димова,

Почитувани дами и господа, ваши екселенции, драги колеги,

Пред точно една година, пред овој Совет за евроинтеграции, предупредив дека земјата е во неволја. Реков дека ако Владата веднаш не постапи по препораките на Европската комисија кризата ќе ескалира. Тогаш, никој не ме сфати сериозно. Денеска ќе ви се обратам вам господине Хан, за тоа што очигледно некои луѓе овде имаат уши, ама не слушаат, имаат очи ама не гледаат, имаат уста, ама не знаат да зборуваат.

На последната средба во Скопје се согласивме дека излезот од политичката криза во Македонија е можна само ако се промени системот во Македонија а не во промена на политичките елити. Драго ми е што пристапот на Европската комисија и препораките на извештајот на господинот Прибе одат токму во тој правец. Сега е создадена единствена прилика да се извршат коренети промени на системот и земјата побрзо да чекори на патот на демократизацијата и европеизацијата. Дел од договорот за надминување на политичката криза е и прашањето на слободата на медиумите. Ако има политичка волја постојат брзи и ефикасни решенија кои за кратко време ќе ги ослободат медиумите од политичката и партиската контрола. ако сакаме вистински промени на медиумскиот систем потребни се одржливи решенија а не само козметички дотерувања. Лесно ќе дојдеме до решенија до медиумите ако сите учесници во процесот се согласуваат за почитување на основните европски стандарди. Прво, насилството против новинарите и медиумите е неприфатливо. Не може да збориме за слобода на медиуми ако вицепремиер напаѓа со тупаници на јавно место новинар без да сноси политичка одговорност за тоа. Не може новинарите да се напаѓаат со метални шипки, да се уништува нивниот имот а полицијата сеуште да не ги открива сторителите. Второ, во демократски земји, Владата ја почитува слободата на медиумите, не може да има слободни и професионални медиуми ако Владата ги користи јавните фондови да ги контролира највлијателните медиуми. Трето, јавниот радиодифузен сервис ужива институционална автономија. Македонската радио телевизија не може да биде јавен сервис на граѓаните ако управните органи на МРТ се контролираат од политички партиски претставници. И ако МРТ нема одржлив избор на финансирање. Четврто, медиумскиот регулатор е гарант на медиумската слобода, плурализам и пазар. Регулаторот не може да ја исполни оваа функција ако со него раководи еден поранешен истакнат партиски функционер на владејачката партија. И петто, јавните функционери треба да бидат потолерантни кон јавната критика. Не може тие да ги користат тужбите за клевета, да ги заплашуваат новинарите и медиумите. ако се согласиме со овие

основни принципи, ние сме подготвени да се вклучиме во разговорите со политичките партии и да понудиме конкретни решенија како да дојдеме до слободни и професионални медиуми. Благодарам.

**Лидија Димова**

Благодарам.

Сега има збор господинот Димитар Мирчев, член на Националниот совет за евроинтеграции, од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, повелете.

**Димитар Мирчев:**

Уважен комесаре Хан, претседавачи, екселенции и колеги,

Во однос на актуелните прашања за кои разговараме, има две тези. Едната е многу раширена е дека овие политички тешкотии и контраверзи што ни се јавуваа во последно време, особено во последната година, две го успоруваат нашиот акцесиски процес кон Европската унија што не е инаку спорно. Другата теза која ја разви нашиот претседател на државата е дека практично тие тешкотии, тие контраверзи се рефлекс на долгиот процес на заостанување во тој акцесиски процес. Дека ние не би ги имале тие проблеми и тешкотии, контраверзи доколку порано би ги започнале преговорите, или би ги забрзале. Јас лично се согласувам со таа теза меѓутоа се е работата како понатаму. Очигледно е дека без разлика на внатрешните проблеми на начините за нивно надминување факторот кој не кочи е нашиот спор за името со нашиот јужен сосед. И тоа е толку видливо што десет години заради тоа ние не можеме да ја оствариме, односно Унијата не може да ја оствари препораката на Комисијата за почеток на преговорите. И сега доколку е тоа така значи дека грчкиот став во однос на спорот на името е длабоко втемелен во заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија. Според тоа ние имаме проблем не во билатералата наша со Грција која се одвива според покровителството на ОН, ние имаме проблем со заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија. Ставот на Грција е клучен став. Според тоа каде е решението. Решението е во преговори внатре во Унијата меѓу органите на Унијата и Грција, разбирате. И второто прашање е како понатаму. Имаше повеќе предлози, солуции, во смисла на олеснување на процесот и активирање на тој процес ја дава и претседателот е преговорите да почнат, а прашањето за решавање на спорот за името да се стави како поглавје 35 за кое Македонија треба да преговара. Според тоа да се започнат преговорите со една реална претпоставка дека додека се завршат тие 34 поглавја ќе се разреши и спорот за името како 35 поглавје. Доколку вистина е тоа званична политика на Европската унија, а за сега изгледа дека е, нема индикатори и сигнали дека не е. И тоа е едно премостително решение, едно практично решение, меѓутоа многу значи за една земја кандидат која 10 години чекала на тие преговори да ги почне преговорите затоа што ќе биде апсолутен и дополнителен стимул за внатрешните реформи во државата. Благодарам.

**Лидија Димова**

Благодарам.

Почитувани колеги, јас морам тука да прекинам бидејќи комесарот ми сигнализираше дека мора да замине, на дополнителните говорници на Назири, Солза Грчева, се извинувам.

**Солза Грчева:**

Процедурално прашање имам.

**Лидија Димова:**

Ајде повелете.

**Солза Грчева:**

Почитуван комесар господине Хан, го гледате демократскиот амбиент во Македонија. Јас како независен пратеник бев ставена после сите гости, овој бипартизам очекува Македонија да се разбие низ една изборна единица и со спуштање на цензусот. Помалите партии, независните пратеници, немаат никаква шанса да излезат на фер и демократски избори. Кога зборуваме за фер и демократски избори зборуваме само за четири партии. На тој начин граѓанското општество кое што сакаме да заживее дефинитивно ќе биде уништено. Барам и проследувам барање од граѓанското општество да ова прашање биде ставено пред се на маса на преговорите. Јасно, артикулирано, низ една изборна единица и низ спуштање на цензусот. Гледате дека сите се изредија четири партии, јас бев оставена последна, јасно е зошто, за да не можам да го кажам ова што сега го кажувам. Компримирам немам време за поздрави на процесот бидејќи не сакам да ве задржувам, знам дека направивте многу и вие лично и претставниците на Комисијата но нема процесот да биде прифатен од луѓето доколку навистина немаме демократски амбиент во идниот парламент.

**Лидија Димова:**

Благодарам госпоѓо Грчева.

Јас ќе го повикам господинот Хан да даде дополнителен коментар или одговор на темите кои беа покренати во текот на дискусијата.

**Јоханес Хан:**

Ви благодарам многу госпоѓо претседавач и ви се заблагодарувам на сите колеги кои што дадоа свои гледишта и придонеси и би сакал да кажам дека сум импресиониран по однос на вашето познавање како да ги спроведете преговорите и дискусиите со Европската Унија за да се постигне целокупната цел т.е. членство на вашата држава во Европската унија. Но, би морал да кажам навистина имаше, мислам дека европското семејство ја научи својата лекција од минатото, доколку постои перспектива за една држава треба исто така таа да биде исполнета на начин на кој што преговорите би можеле да се одвиваат. Јас сум навистина сигурен и за ова дискутиравме, повторно и повторно во релевантните министерства дека штом целосно ќе ја подобриме целата ситуација во државата треба да има и промена во ставот на луѓето и да има промена во ставот на Европската Унија и бидете уверени дека јас ќе работам на тоа бидејќи мислам дека беше споменато од некој од вас навистина за време на преговорите постои најголем залог за да се промени нешто. Имаме скромен залог за преговори, немаме никаков залог по преговорите, затоа треба да ги поправиме нештата за време на преговорите, затоа говорам помалку за преговорите,туку за процесот. Процесот значи дека нештата треба да бидат променети на одржлив начин. И денес говорев со претставници од граѓанското општество и тие говореа а некои нешта кои не се само грижа во вашата земја, туку и во многу други држави низ светот, дури и оние во Европската Унија, тоа е корупцијата. Борбата против корупцијата е на врвот на нашите приоритети, бидејќи има непотребен ефект на една држава за странските инвеститори и за

луѓето во државата навистина. На пример, за да формираат сопствени компании, да бидат активни, да бидат вклучени, да учествуваат во општеството и во одлуките што се донесуваат. За да се одговори на овие прашања од најголема важност, но од друга страна можам, ова го имам засведочено во секои држави каде што има најголем, најдобар правен систем, постои борба против корупцијата. Но она што е важно е како се применува системот, кои се одржливите резултати по однос на ова прашање и ова е нешто кое што не се завршува во рок од неколку недели или наеднаш, треба да бидеме реалистични во однос на ова и притоа треба да видиме каков е внатрешниот развој и затоа јас претпочитам да говорам и да работам на процесот кој што овозможува на една држава да се придружи на Европската унија. Но пред тоа и тука би сакал да побарам од вас разбирање и би сакал да кажам некаков вид на реализам, мораме да ги разрешиме внатрешните проблеми кои што се создадоа во минатите неколку месеци тука. Јас мислам дека сите заедно се наоѓаме на добар пат, но се уште не сме пристигнале на целта. Мислам дека договорите од јуни, јули се насочени во правилна насока, јас сум задоволен што гледам дека првите чекори се остварени од овие договори и се надевам дека останатите исто така ќе бидат остварени. Така би можел да кажам дека постојат некакви вистински предизвици за политичката клима во државата, но да се биде способен да се исполнат и спроведат нештата кога веќе постои некаков договор е доказ за демократска зрелост на една држава. И на крајот, доколку се одржат изборите до крајот на април, избори каде што можете да бидете уверени дека меѓународната заедница дефинитивно ќе го надгледува процесот повеќе отколку претходно во минатото и во други држави не бидејќи постои дополнителна грижа, туку едноставно бидејќи постои високо емотивна внатрешна дебата, но и нешто кое што е побарано од меѓународната заедница. Вашата држава беше и во моментот и е во центарот на европското внимание и мислам дека е во наш заеднички интерес, дека е во интерес на вашата држава, во интерес на Европската унија, во интерес на меѓународната заедница да се има би рекол сеопфатно набљудување на овој изборен процес и ова започнува веќе со дискусиите за промените на изборниот законик, имање на подготовка на целата процедура и имање на транспарентни и фер избори. И доколку се ова се оствари засега јас немам никакви сомнежи дека можеме да го оствариме ова, мислам дека ова е потребниот и разбирлив услов кој го поставивме и дека можеме да работиме на она кое многу од вас денеска го споменаа почнувањето на преговорите. И тоа ќе биде вашиот прв, јас ќе бидам вашиот прв поддржувач во однос на ова, бидејќи ова е дел од мојата работа и јас верувам дека вие сте не само географски европејци, туку и треба да станете европејци на истиот начин на кој што би овозможило придружувањето кон Европската унија. Но, за ова треба да биде завршена работа и ние сме на располагање на ваша страна и не би сакал да ги завршам моите коментари со опфаќање на најтешкото прашање во однос на денес или следните денови, ситуацијата со бегалците. Јас сум свесен за ситуацијата, исто така ние европејците треба да завршиме работа, треба да ги заштитиме нашите надворешни граници многу подобро отколку што тоа го сторивме досега. Исто така би морал да кажам тука дека примарно ова е задачата на релевантните држави, но таква конкретна ситуација, со такви предизвици исто така тоа е задача на сите други членови на европското семејство да им помогнат на овие држави кои се засегнати во некои случаеви е Италија, можеби Малта, можеби Шпанија, засега можеби Кипар, но сите држави членки на Европската унија се цел на бегалците и тие имаат задача и обврска да ги заштитат границите. Но, навистина ова е предизвик и тие можат да очекуваат и треба да очекуваат наша заедничка поддршка и труд.

Ова исто така е еден вид на разбирање што значи да бидеш член на едно семејство. Член на семејство значи да им се помогне на другите членови на семејството доколку тие имаат проблеми. А во едно добро семејство, во едно големо семејство, понекогаш кога овој член има проблеми, и понатаму можеби друг член од семејството ќе има проблеми, а мораме да си помагаме едни на други, а Европа најдобро функционира доколку сите придонесуваат и не веруваат дека е некој вид на банкомат од каде што би можеле да земате само пари ако го знаете кодот. Европа е нешто повеќе од тоа, се работи за вредности, за заеднички дух, ова е исто така нешто кое што мораме да го разбереме. И повторно вратите се отворени, мислам дека можете да ги видите вратите веќе и сите треба да работиме заедно за да пристигнеме навистина блиску брзо пред нив и во меѓувреме како што споменав утре ќе одам на границата и ќе се уверам самиот и ќе добијам некаков став во однос на ситуацијата и доколку се потребни повеќе средства ќе обезбедиме дополнителни средства и ова е уште еден пример при кој што ние треба заедно да работиме на достигнување на решение, ние, конкретно и јас самиот сме посветени да ве браниме вас, но исто така и Србија, можеби и други држави кои што се во Западен Балкан. Вие не сте паркингот на бегалците, вие исто така сте жртви на таквата ситуација и нема да ве оставиме сами. Веќе денеска ние сме семејство и ќе работиме и дејствуваме како семејство. Ви благодарам навистина.

**Лидија Димова:**

Ви благодарам господине Хан.

Сега на крај ја затворам Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции и би сакала да ви посакам конструктивна дебата во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво со потпретседателот на Владата.

Седницата на Советот заврши во 11.56 часот.